# БИЛЈАНА ПЛАТНО БЕЛЕШЕ




I

Билјана платно белеше
на охридските извори.
Ми поминаа винари,
винари белограѓани.

II

„Винари белограѓани,
кротко терајте карванот,
да не ми платно згазите,
платното ми е даровно,
платното ми е даровно,
за свекор и за свекрва.“

III

„Ако ти платно згазиме,
со вино ќе го платиме,
со вино ќе го платиме,
и бела лута ракија.“

IV

„Винари белограѓани,
не ви го сакам виното,
тук' ви го сакам лудото
што напред тера карванот.“

Димчевски, Ѓорѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986